السنّة النبوية وعلومها
www.sunnah.global

# дека кога ја прашале за рецитирањето на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, таа рекла

Ибн ебу Мулејка раскажува од една од сопругите на Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем – Ебу Амир рекол: „Нафиʿ рече: Мислам дека тоа била Хафса“ – дека кога ја прашале за рецитирањето на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, таа рекла: „Вие не би можеле да го издржите тоа.“ Па ѝ било речено: „Кажи ни како рецитираше.“ Тогаш таа рецитирала полека и разложено. Ебу Амир рекол: „Нафиʿ рече: Ибн ебу Мулејка ни опиша, па рецитираше: ‚Сета благодарност Му припаѓа на Аллах, Господарот на световите.’ (Ел-Фатиха: 2) – и застана, потоа: ‚Семилосниот, Милостивиот’ (Ел-Фатиха: 3) – и застана, потоа: ‚Владетелот на Судниот ден.’ (Ел-Фатиха: 4).“

[صحيح] [رواه أحمد]

Мајката на верниците, Хафса, Аллах нека е задоволен со неа, била прашана: „Какво беше рецитирањето на Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, на Куранот?“ Таа рекла: „Вие не би можеле да издржите такво рецитирање.“ Па ѝ рекле: „Извести нѐ.“ Нафиʿ рекол: „Ибн ебу Мулејка ни рецитираше полека, со задржување, за да ни го приближи начинот на рецитирање на Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем. Па рече: ‚Сета благодарност Му припаѓа на Аллах, Господарот на световите.’ – и застана, ‚Семилосниот, Милостивиот’ – и застана, ‚Владетелот на Судниот ден’ – и застана.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65247

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee